**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Предлагач: **Градоначалник на ЕЛС Конче**
**Г-дин Златко Ристов**

Изготвувач: **Ленче Крстева**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Конче, Февруари 2022 година

## 1. ВОВЕД

**Основни податоци за општината**

Општина Конче е сместена во централно- источниот дел од Република Македонија, опкружена со Конечка планина и Смрдешник  односно граничи со општините Штип, Демир Капија, Валандово, Струмица, Василево и Радовиш.

**ДЕМОГРАФИЈА**
**Вкупно население во општина Конче: 3 536**

**густина на население** 15,7 жители на км 2 просек ***<u>Р.М</u>*** **79,0**

**активно население** 1.397 жители

Податците се земени од  Државниот завод за статистика на РМ кои не се совпагаат со податоците од Агенцијата за вработување во Радовиш, бидејки во општина Конче населението е претежно земјоделско кои според пописот на РМ во 2004 година се евидентирани како вработени.

**Етничка структура** Македонци – 85,1 %
Турци – 14,7 %
Срби – 0,1 %
Други - 0.1 %

**Старосна структура** од 0-14 год.- 21,4 %
од 15-64 год.- 67,0%
над 65 год. – 11,6 %

| **СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ :** | Број | Процент |
|---|---|---|
| Незавршено основно образование | 1407 | 50,6 % |
| Завршено основно образование | 958 | 34,5 % |
| Завршено средно образование | 387 | 14,0 % |
| Виша школа | 13 | 0,5 % |
| Високо образование : | 12 | 0,4% |

**Структура на населението според полот:**

Во половата структура на населението во регионот во целина се забележуваат одделни незначителни отстапувања во споредба со општата полова структура на ниво на Републиката.

Додека застапеноста на машкото население на државно ниво изнесува 50,06 %, во регионот изнесува 51,3 %. Но, ова отстапување е позначајно во руралните и во понеразвиените општини. Оваа нерамнотежа меѓу половите е сериозен показател за нарушениот баланс на популацијата.

На ниво на целиот регион се забележува постепен процес на стареење на населението: мало опаѓање на учеството на младото население до 14 годишна возраст, а истовремено и пораст на учеството на старото машко население во категоријата над 55 години.

**ЕКОНОМИЈА**

**Поважните економски сектори во општина Конче :**

☒ Земјоделство
☒ Производство на висококвалитетен тутун
☒ Производство на млечни производи
☒ Лов и риболов
☒ Туризам
☒ Трговија
☒ Транспор
☒ Градежништво

**ЗДРАВСТВО**

2-амбуланти во населените места од кои:
ПЗУ д-р Ангел – во Конче
ПЗУ  Николовски – во Ракитец
1-Стоматолошка ординација
ДенталистМА- Конче
Аптека Зегин во Конче

**Социјална заштита**

Постојат околу  ------- приматели на социјална помош од вкупниот број на населението од општина  Конче.

**ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Организациона структура

Јавни претпријатија во општината
Ј.П. ,,Лакавица ,,

**1.2.Буџет и Одлуки за извршување на буџетот на општината**

Буџетот на ЕЛС Конче за 2021 година и Одлуката за извршување на истиот за 2021 година, беше донесен од страна на Советот на ЕЛС Конче , во Декември 2020 година. Истиот беше подготвен согласно важечките законски прописи, односно согласно **Законот за Локална самоуправа**(Сл.весник на РМ бр.5/2002год) **Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа** (Сл. весник на Р.М 61/2004,96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15,209/18 и Сл. весник на РСМ 244/19,53/21,77/21,150/21 година), **Законот за Буџетите** ( Сл. Весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21 година), и **Буџетскиот циркулар-насоки** за изготвување на буџетите на ЕЛС за 2021 година добиени од страна на Министерството за финансии.

При подготовката на Буџетот на ЕЛС Конче за 2021 година,беа земени во предвид макроекономските индикатори-економската политика на Владата на Р.М за период 2020-2022 година ,при што просечната стапка на пораст на македонското стопанство БДП,.

Во сферата на даночната политика и политика на социјални придонеси генерално не се предвидуваат значајни промени во делот на оданочувањето и корегирањето на даночните стапки.

Согласно член 2,точка 8 од Законот за буџетите (Сл. Весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21 година),) буџетот на ЕЛС претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

Буџетот на општината ги вклучува сите приходи утврдени во член:4,5,6,7,8 и 9 од Законот за финансирање на ЕЛС ((Сл. весник на Р.М 61/2004,96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15,209/18 и Сл. весник на РСМ 244/19,53/21,77/21,150/21 година) и тоа:

Локални даноци

-Данок на имот
-Данок на наследство и подарок
-Данок на промет на недвижности

Локални такси

-Комунални такси
-Административни такси

Локални надоместоци

-Надоместок за градежно земјиште
-Надоместок за просторни и урбанистички планови

Сопствени приходи

-Приходи од закуп
-Приходи од продажба на имот

Приходи од донации во стока или пари

Приходи од самопридонес

Приходи од Персонален данок на доход

-3% персонален данок од лични примања од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано место за живеење и престојување

-100% Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност,во општина на чие подрачје се регистрирани за вршење дејност.

Дотации

-Приходи од ДДВ
-Наменски дотации
-Капитални дотации

Истиот за 2021 година беше изготвен по програми за одредени области кои ги усвојува Советот на општината односно Буџетот за 2021 година се состоеше од 18 програми и 18 потпрограми.

Со оглед на тоа дека планираните приходи и расходи на буџетот на општината во текот на фискалната 2021 година се остваруваа во обем и динамика според планот а согласно одредбите од Законот за буџетите ( Сл. Весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и Сл. весник на РСМ бр.151/21 година) член 36 точка 4, Советот на општината на предлог од Градоначалникот донесе:

- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Конче на 18.03.2021 година.
- Одлука за пренамена на средствата на Буџетот на општина Конче на 31.05.2021 година.
- Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Конче на 30.06.2021 година.
- Одлука за пренамена на средствата на Буџетот на општина Конче на 10.12.2021 година.

- Во текот на 2020 година немаше ребаланс на Буџетот на општината.

2. **Годишна сметка**
**Расходи и Приходи на општината**

Така после сите измени и дополнувања на Буџетот на општина Конче за 2021 година , истиот се изврши по програми и потпрограми и тоа:

| | План | Реализација |
|---|---|---|
| А0 Совет на општина | 9.550.000 ден. | 8.769.743 ден. |
| А00 Совет на општина | 9.550.000 ден. | 8.769.743 ден. |
| А1 Изборни активности и референдуми | 1.100.000 ден. | 1.042.450 ден |
| А10 Изборни активности и референдуми | 1.100.000 ден. | 1.042.450 ден |
| Д0 Градоначалник | 3.205.000 ден. | 2.372.566 ден. |
| Д00Градоначалник | 3.205.000 ден. | 2.372.566 ден |
| Е0 Општинска администрација | 15.565.393 ден. | 12.954.889 ден. |
| Е00 Општинска администрација | 15.565.393 ден. | 12.954.889 ден. |
| ЕА Капитални трошоци на Општината | 150.000 ден. | 6.999 ден. |
| ЕА0 Капитални трошоци на Општината | 150.000 ден. | 6.999 ден |
| Ф1 Урбанистичко планирање | 400.000 ден. | 297.624 ден. |
| Ф10 Урбанистичко планирање | 400.000 ден. | 297.624 ден. |
| Г1 Локален економски развој | 3.455.000 ден | 2.582.445 ден. |
| Г10 поддршка на Лок. ек. развој | 3.455.000 ден | 2.582.445 ден. |
| Ј3 Јавно осветлување | 1.150.000 ден. | 1.064.781 ден. |
| Ј30 Јавно осветлување | 1.150.000 ден. | 1.064.781 ден. |
| Ј4 Јавна чистота | 500.000 ден. | 500.000 ден. |
| Ј4 Јавна чистота | 500.000 ден. | 500.000 ден |
| Ј6 Одржување и заштита на локални патишта и улици | 5.891.152 ден. | 5.890.734 ден. |
| Ј60 Одржување и заштита на локални патишта и улици | 5.891.152 ден. | 5.890.734 ден. |
| ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.669.485 ден. | 20.675.879 ден. |
| ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 24.669.485 ден. | 20.675.879 ден. |
| ЈГ Изградба на системи за водоснабдување | 4.675.000 ден. | 120.655 ден |
| ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување | 4.675.000 ден. | 120.655 ден |

| | | |
|---|---|---|
| ЈИ Изградба на системи за одведување на и пречистување на отпадни води | 3.123.000 ден. | 1.581.231 ден. |
| ЈИ0 Изградба на системи за одведување на и пречистување на отпадни води | 3.123.000 ден. | 1.581.231 ден. |
| МБ Прекугранична соработка | 18.685.000 ден. | 7.134.879 ден. |
| МБ0 Прекугранична соработка | 18.685.000 ден. | 7.134.879 ден. |
| Н1 Образование | 41.404.527 ден. | 35.647.391 ден. |
| Н10 Образование | 41.404.527 ден. | 35.647.391 ден. |
| Љ0 Заштита и спасување | 100.000 ден | 0 ден. |
| Љ00 Заштита и спасување | 100.000 ден | 0 ден. |
| В1 Детски градинки | 5.597.817 ден. | 4.607.912 ден. |
| В10 Детски градинки | 5.597.817 ден. | 4.607.912 ден. |
| Њ0 Противпожарна заштита | 100.000 ден. | 0 ден. |
| Њ00 Противпожарна заштита | 100.000 ден | 0 ден. |

Салдо за пренос во 2022 година 8.754.246 ден

| р. бр. | | Пренесено салдо од 2021 во 2022 година |
|---|---|---|
| 1 | На основен Буџет | 1.520.313 ден. |
| 2 | На Блок дотации | 5.842.591 ден. |
| 3 | Примена на мерки за заштита од полави во општините Конче и Струмјани | 83.392 ден. |
| 4. | Самофинансирачка сметка | 159.820 ден. |
| 5. | Наменска сметка Биро за регионален развој | 1.148.130 ден. |

- Во Програма А0, А1, Д0, Е0, ЕА, Ф1, Г1, Ј3, Ј6, ЈД, ЈГ, ЈИ, ЈН, Н1 и Њ0 со подпрограмите А00, А10, Д00, Е00, ЕА0, Ф10, Г10, Ј30, Ј60, дел од Н10, и Њ00 се содржани средствата за тековно -Оперативни потреби на Советот на општината, Градоначалникот, Општинската администрација и Јавните установи од областа на образованието.

- Во Програма ЕА,Ф1, ЈД, Н1 со подпрограмите ЕА0,Ф10,ЈД0 и дел од подпрограмите Н10 се содржани средствата за капитални расходи на општина Конче.

Со Буџетот на ЕЛС Конче за 2021 година за финансирање на сите програми и подпрограми се планираше да се остварат следниве приходи:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **141.921.374 ден.** | **106.929.278 ден.** |
| - даночни приходи | 4.145.000 ден. | 3.892.156 ден. |
| - неданочни приходи | 6.001.000 ден. | 4.639.754 ден. |
| - капитални приходи | 32.487.155 ден. | 25.428.369 ден. |
| - приходи од дотации | 45.991.344 ден. | 40.148.753 ден. |
| - трансфери | 28.906.875 ден. | 22.246.603 ден. |
| - Донации | 23.390.000 ден. | 10.573.643 ден. |
| - Кредити | 0 ден. | 0 ден. |

Планираните средства во текот на 2021 година се остварени во вкупен износ од **106.929.278 денари.**

Значи вкупните приходи во Буџетот на општина Конче за 2021 година се оствариja 75.34 % во однос на планот.

Остварените даночни приходи имаат следен редослед:

Приходите остварени од данок на промет на недвижности и права кои во 2021 година се оствариja од 239.131 денари.

Данокот на имот е остварен во износ од 647.969 денари во 2021 година.

Данокот на наследство и подарок е остварен во износ од 19.845 денари за 2021 година.

Од персоналниот данок од доход за 2021 година се остварени и тоа:

Данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ се остварени 68.945 денари за 2021 година.

Данокот на плати на вработени лица кај трговски друштва, јавни претпријатија кај трговски и други правни и физички лица се остварени 109.082 денари за 2021 година.

Даноците на специфичните услуги односно комуналните даноци во текот на 2021 година се остварени во вкупен износ од 2.806.260 денари од планираниот износ. Поголеми износи се оствариja од К.Т. за користење и одржување на улично јавно

осветление во износ од 2.079.829 денари за 2021 година. Од К.Т. за истакнување на фирма , односно назив на деловна просторија се оствариja 162.000,00 денари за 2021 година. К.Т. за користење на улици со возила која плаќа при регистрација на возилата се реализирани 347.740 денари за 2021 година,. Од надоместок за уредување на градежно земјиште имаме остварено приход во износ од 216.691 за 2021 година.

Неданочните приходи –Приходи од други локални такси - се остварени приходи во износ од 11.250 денари за 2021 година, административни такси кои се плаќаат за списи и дејствија кај органите на општината остварени се 113.359 денари за 2021 година, од приходи од закупнина на општински имот реализирани се 33.000 денари за 2021 година, приходи од тендери (јавни давачки ) реализирани се 21.000 денари за 2021 година и од останати неданочни приходи од 4.236.677 денари за 2021 година и 2 % од наплатени премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила имаме остварено приход во износ од 13.818.00 денари.

Од капитални приходи односно од кои Приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на РМ немаме реализација во 2021 година, приходи од закуп на земјоделско земјиШте во сопственост на државата за 2021 година имаме реализирано 684.045 денари, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор остварени се 495.100 денари за 2021 година, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на експлоатирана минерална суровина остварени се 24.255.575 денари за 2021 година од надоместок за детални геолошки истражувања не се оставрени приходи за 2021 година, приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп за градежно земјиште се остварени средства во износ од 4.800 денари за 2021 година и приходи од надомест за утвредување на бесправно изградени објекти остварени се 18.849 денари за 2021 година.

Од трасфери и донации во текот на 2021 година се остварени следните приходи:

- 2.141.837 денари се трансфери од буџетот на фондовите
- 11.246.136 денари се дотации на општината од приходи од ДДВ
- 10.573.643 денари се капитални донации во делот на донации
- 40.148.753 денари се блок дотации на општината за активности на образованието и детската заштита .

Остварените приходи во текот на 2021 година се трошеа наменски односно за покривање на тековно оперативните расходи настанати при вршењето на програмските активности содржани во програмите кои се составен дел на Буџетот на општина Конче за 2021 година.

-Во Билансот на расходите основниот буџет може да се види за кои намени се потрошени вкупно 55.996.232 денари.

За плати и надоместоци за 2021 година се потрошени вкупно 6.734.858 денари. Со овие средства се измирени обврските спрема Советот на опшината за извршување на нивните активности согласно Законот за Локална самоуправа Сл.Васник на РМ бр.5/2002 година, Статутот на општината и друга регулатива, исплата на плати и надоместоци на Градоначалникот на општината согласно законската регулатива и исплата на плати и надоместоци на општинската администрација за извршувањето на обврските кои се во нејзина надлежност.

За стоки и услуги се исплатени вкупно 17.388.603 денари. Со овој износ се покриени расходите за тековно-оперативни потреби на Советот на опшината, Градоначалникот, општинската администрација. Инаку во оваа категорија на расходи се содржани расходите за патни и дневни трошоци, за комунални услуги , за материјали и ситен инвентар за тековно работење, за поправка и тековно одржување на деловни згради, возила опрема и друго, за договорни услуги (банкарски, осигурителни, здравствени, договори на дело и за други тековни расходи во кои спаѓа членарина, репрезентација и други оперативни трошоци)

За каматни плаќања кон домашни кредитори се извршени средства во износ од 208.416 денари

За субвенции и трансфери се потрошени вкупно 5.941.855 денари од кои, 533.000 денари за трансфери до невладини организации, 5.408.855 денари за разни трансфери.

За социјална помош во текот на 2021 година се потрошени вкупно 175.000,00 денари.

За капитални расходи од основниот Буџет на општината во 2021 година се потрошени вкупно 21.047.500 денари и тоа за следните капитални потреби:

- Купување на опрема и машини 6.999 денари
- Други градежни објекти 21.040.501 денари

Остварените приходи од блок дотации во делот на расходи се трошени наменски во програмата Н1 и В1 за покривање на тековно оперативни расходи

За плати и надоместоци за 2021 година во делот на блок дотации се потрошени 26.222.542 за иплата на плати и надоместоци на вработените во ОУ –Гоце Делчев и во ЈОУДГ 12- Јули.

За стоки и услуги се извршени вкупно 3.909.729 денари. Со овие средства се покриени расходите за тековно оперативни потреби за потребите на ОУ Гоце Делчев и во ЈОУДГ 12- Јули.

.

За капитални расходи се потрошени средства во износ од 9.986.482 денари

Од остварените расходи на донанторска сметка на проектот за прекугранична сметка се реализирани средства во износ од 7.134.879 за имплементација на проектот од кои 692.108 за договорни услуги, 276.714 за други тековни оперативни расходи 5.012.299 денари се други трансфери односно средства кои се префрлени на општина Струмјани – проект за прекугранична соработка со општина Струмјани Р Бугарија, 1.153.758 денари за изграба на други објекти, 504.000 денари за спроведување на проектни активности за проект за општокорисна работа за проект со УНДП 1.575.000 денари за набавка на возило , камион за собирање на отпад на територија на опШтина Конче како и за проект преку светска банка изплатени се средства во износ од 1.359.764 денари како у;ество на општина Конче.

ЕЛС ОПШТИНА КОНЧЕ
Градоначалник
Златко Ристов